Република Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ
НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 13.11.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 41 | 10446/2 | | |

Влада на Република Македонија

Влада на Република Македонија
Агенција за остварување
на правата на заедниците

бр. 03-154/03
дата 13.11. 2015 год.

Даме Груев бр. 1
1000 Скопје
Република Македонија

ТЕЛ 02 / 3253-971
ФАКС 02 / 3253-974

contact@aopz.gov.mk
www.aopz.gov.mk

**ДО: ЗАЕДНИЦА НА ХРВАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Предмет:** Произнесување во однос на предлог за политики

Почитувани,

Во врска дописот на Владата на Република Македонија-Генерален секретаријат бр.41-10446/1 од 07.10.2015 година за произнесување за релевантноста и прифатливоста на предлогот на Заедницата на Хрвати во Република Македонија, Ве известуваме дека Агенцијата за остварување на правата на заедниците во буџетот за 2015 година нема средсва во фондот на финансиски средства за остварување на посебни програми за спроведување и унапредување на правата на припадниците на заедниците, кој е предвиден во член17 од Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија (Сл весник на РМ бр.92/2008). Во предлог Буџетот за 2016 година исто така што е доставено до Собранието на Република Македонија од страната на Министерство за финансии не е прифатен предлог буџетскиот циркулар за обезбедување на сресва на овој фонд.

Со почит.

Директор

Весна Бабиќ-Петровски

Агенција за остварување на правата на заедниците СКОПЈЕ

Република Македонија

**Влада на Република Македонија**

**Министерство за култура**

[redacted]

Министерство за култура
на Република Македонија

Сектор за дејности од областа
на културата и уметноста

ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр.61,
1000 Скопје,
Република Македонија,

тел.: +389 (0)23240
факс: +389(0)23240

е-адреса:
@kultura.gov.mk
www.kultura.gov.mk

ЕМБС: 4219651
Бр. 12 - 10572/2
Датум: 26 10 2015

ДО
**Здружение на граѓани „Заедница на Хрвати во РМ"**
ул. „Никола Парапунов" бб, зграда 8
Скопје

**Предмет:** Известување

Почитувани,

Во врска со вашиот допис бр. 5–5 од 15.09.2015 год. доставен до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија во кој се дадени предлози, препораки и забелешки, Министерството за култура од аспект на своите надлежности, ве известува за следново:

Конкурсите кои ги објавува Министерството за култура се во согласност со Националната стратегија за развој на културата за периодот 2013 – 2017 година како и со Законот за културата („Службен Весник на РМ" бр.31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10; 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15 и 154/15). Во нив се почитува начелото за правичност и начелото за еднаквост и недискриминација на припадниците на културните заедници во Република Македонија. Како показател за тоа се еднаквите конкурсни услови кои важат подеднакво за сите учесници на конкурсите односно за сите правни лица на кои им е дозволено учество на објавените конкурси.

За каква дејност треба да е регистрирано правното лице зависи од природата на работата која е предмет на конкурсот (пример: за издавање списание потребна е регистрирана издавачка дејност).

Со почит,

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР,**

**Драган Недељковиќ**

Доставено и до: Генерален секретаријат на Владата на РМ

Подготви: Рената Василевска
Одобри: Снежана Иванова-Китанова
Согласен: м-р Снежана Ристовска